**Што е глобална недела на пари? (Global Money Week-GMW)**

Глобалната недела на пари (GMW) е манифестација за подигнување на свеста за финансиите и начинот на нивно користење. Целта е да се едуцираат децата и младите за финансиите, штедењето, креирање егзистенција, вработување, станување управители на фирми преку забава и интерактивни активности. Секоја година, целата заедница презема мерки да креира свесност, да ги инспирира и предизвика младите луѓе да стекнат знаење и алатки кои им се потребни да ја креираат сопствената иднина. Глобалната недела на пари (GMW) се одржува секоја година во втората половина од март. Настаните се организираат од училиштата, факултетите, министерствата, финансиските институции, регулаторните институции, граѓански асоцијации и младите ширум светот. Глобалната недела на пари (GMW) се иницира и координира од Меѓународната организација за финансиска едукација на деца и млади - Child & Youth Finance International (CYFI), основана во 2012 година.

**Која е темата на Глобалната недела на пари, 2016 (GMW)?**

Темата на Глобалната недела на пари (GMW), 2016 е **“Земи учество, Штеди паметно!”** "Зошто? Затоа што: Тоа е важно за децата и младите да учат и да учествуваат во планирање на трошењето на финансиите преку креирање добри навики од најрани години, се со цел да се избегне финансиска исклученост и да се развијат вештини за управување со финансиите кои ќе им бидат од корист покасно во живот.

**Кога се одржува Глобалната недела на пари (GMW)?**

Глобалната недела на пари секоја година се одржува во втората половина на март.

Во 2016 година ќе се одржи во периодот од 14-20 март.

**Кои се достигнувањата на Глобалната недела на пари (GMW)?**

Очекувањата во текот на Глобалната недела на пари, 2016 година се дека ќе учествуваат над 7 милиони деца и млади во преку 100 земји.

Достигнувања на Глобалната недела на пари во изминатиов период:

2015 - 5,6 милиони деца и млади земаа учество, 124 земји, 962 организации, реализирани над 3000 активности;

2014. - 3 милиони деца и млади, 118 земји, 490 организации, реализирани над 2000 активности;

2013 - 1 милион деца и млади од 80 земји, 400 организации;

2012 - 33 000 деца и млади, земји 21.

**Кој може да учествува во Глобалната недела на пари (GMW)?**

Секој, без разлика дали е ученик, студент, училиште, факултет, финансиска институција, државни институции  или организации. Сите заедно може да придонесеме за  поголемо економско знаење, образование и финансиска вклученост на децата и младите.